РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-5476/2
19-06-2024

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на продолжението на 6-тата седница одржана на ден 12.06.2024 година донесе

***Одлука***

Постапката по предметот со број 08-5476/1 од 27.11.2023 година, **СЕ ЗАПИРА.**

Предметот со број 08-5476/1 од 27.11.2023 година да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на Државната комисија за спречување на корупцијата, во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

*Образложение*

Предметот со број 08-5476/1 од 27.11.2023 година е оформен по пријава во која е наведено дека лицето --------------- директор на ООУ --------------------- нема поднесено анкетен лист.

По однос на пријавата, Државната комисија за спречување на корупцијата изврши проверка во својата евиденција и констатира дека лицето --------------------, во законски утврдениот рок по избор на функцијата вд директор на ООУ ------------------ има доставено анкетен лист до Државната комисија за спречување на корупцијата, односно анкетниот лист е доставен на 28.09.2023 година и заведен под наш број 08-5529/1.

ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино понатамошно постапување во конкретниот случај.

Врз основа на горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Изготвил: м-р Б. С., советник
Одобрил: Б. Џ., член на ДКСК

**Претседател,**
**Татјана Димитровска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk